РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Бр. 04-1434/20
21-09-2018 .2018 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), генералниот секретар на Дирекцијата за заштита на лични податоци, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати по Интерен оглас бр. 3/2018 за унапредување на 2 административни службеници

1. Во врска со Интерниот оглас бр. 3/2018 заведен под број 04-1434/3 од 20.8.2018 година, а според Финалните ранг-листи на интервјуираните кандидати со предлог-одлуки за избор на прворангираните кандидати бр. 04-1434/18 од 20.9.2018 и бр. 04-1434/19 од 21.9.2018 година од Комисијата за селекција за унапредување на административен службеници формирана со Решение бр. 04-1434/6 од 31.8.2018 година, СЕ ИЗБИРААТ:
   - За работно место 1: УПР 01 01 Б04 000 – раководител на одделение за европска интеграција, проекти и пренос на лични податоци, Одделение за европска интеграција, проекти и пренос на лични податоци, Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка, кандидатот Билјана Волческа;
   - За работно место 2: УПР 01 01 В03 000 – соработник за европска интеграција, проекти и пренос на лични податоци, Одделение за европска интеграција, проекти и пренос на лични податоци, Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка, кандидатот Блерим Бајрами
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.
3. Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

### Образложение

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-4874/2; 18-3422/2 од 30.4.2018 година за унапредување на работни места со звање – раководител на одделение и соработник, Дирекцијата за заштита на личните податоци на ден 27.8.2018 година објави на веб страницата на Дирекцијата и веб страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр. 3/2018 за унапредување на 2 административни службеници заведен под број 04-1434/3 од 20.8.2018 година.

• бул.„Гоце Делчев“ бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
• Тел.: ++ 389 2 3230 635
• www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на генералниот секретар на Дирекцијата, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со Решение бр. 04-1434/6 од 31.8.2018 година.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата спроведе административна селекција за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас. По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју, за што се составени Записник од спроведено интервју за интерен оглас бр. 3/2018, за работно место бр. 1 и Записник од спроведено интервју за интерен оглас бр. 3/2018, за работно место бр. 2.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Финални ранг-листи на интервјуираните кандидати со предлог-одлуки за избор на прворангираните кандидати бр. 04-1434/18 од 20.9.2018 и бр. 04-1434/19 од 21.9.2018 година за избор на прворангираните кандидати, која ја достави на понатамошно постапување на ден 21.9.2018 година до генералниот секретар на Дирекцијата.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот, секретарот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, генералниот секретар на Дирекцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Генерален секретар,
Игор Кузевски

Доставено до:
- Кандидатите,
- Човечки ресурси,
- Архива.

Изработиле: М.М.
С.Н.

бул.„Гоце Делчев" бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 2 3230 635
www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk